# НАЦРТ- СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2020 – 2024

## НАЦРТ- ДВОГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2020 – 2021

CIVICA MOBILITAS
NIRAS
SIPU
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС
Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra
ANTICO
ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА
INICIATIVA QYTETARE E FEMRAVE

**Публикација:**
„Нацрт- Стратегија за еднакви можности на жените и мажите на Општина Пробиштип 2020 -2024

и

Нацрт - двогодишен -акциски план на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Пробиштип за 2020 – 2021 год.


**Издавач на публикацијата:**
Ѓунер Небиу за
Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Скопје
Поштенски фах 1090/1010
Тел: + 389 (0)2 2614 641; + 389 (0)2 2611 130
e-mail: antico@t-home.mk; contact@antiko.org.mk
www.antiko.org.mk
Facebook: WCI.ANTIKO
Twitter: WCI_ANTIKO

**Дизајн, техничка подготовка:**
Сашо Спиркоски

**Подготовката на публикацијата:**
Е овозможена од Програмата Цивика мобилитас, во рамките на проектот „ГО-Промотори на дијалог, акција, креирање на локални политики“ спроведена од Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, со финансиска поддршка од Цивика мобилитас



Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Скопје и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат

# НАЦРТ- СТРАТЕГИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2020 – 2024

## И

## НАЦРТ- ДВОГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП 2020 – 2021

Ноември 2019

# СОДРЖИНА


РЕЗИМЕ ..... 5
МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ..... 9
АНАЛИЗА НА ОПКРУЖУВАЊЕТО ..... 11
- КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ..... 16

SWOT АНАЛИЗА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ..... 18
ВИЗИЈА И МИСИЈА ..... 22
ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ ..... 22
- СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ..... 23

НАСОКИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ..... 26
- РАЗЛИКАТА МЕЃУ МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ..... 28
- ИНДИКАТОРИ ..... 29
- ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА ..... 29

ПОСТАПКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ..... 30
- ПРОЦЕС ..... 30
- ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА РИЗИК ..... 30
- АНАЛИЗА НА РИЗИКОТ ..... 31
  - КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РИЗИК ..... 31
  - Веројатност ..... 31
  - Влијание ..... 31
  - Квантитативна анализа на ризикот ..... 32
  - Одговор и планирање на ризик ..... 32

# РЕЗИМЕ

Еднакви можностите се основно човеково право и се однесува на еднаков пристап до сите расположливи ресурси во една земја за сите граѓани без разлика на родовата припадност, еднаквост во користење на можностите за економска партиципација, еднаков пристап до образование, здравство и рамноправно политичко учество на жените и мажите. Уште повеќе се однесува на еднаква достапност на можностите, правата, но и обврските и бенефитот во сите сфери на животот кои нема да зависат од тоа дали луѓето се родени како мажи или како жени.

Родовата рамноправност е поврзана со одржливиот развој секако и реализација на едно од основните човекови права, создавање на услови за еднаква контрибуција на луѓето без разлика дали се мажи или жени во креирањето на политиките на развој и понатаму остварување на активности со еднакво учество во насока на развојот на заедницата.

Во Општина Пробиштип, **Комисијата за еднакви можности на жените  и мажите** е формирана во 2005 година, како постојана Комисија на Советот на Општината Пробиштип, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите .

Нацрт - Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите во Пробиштип за периодот 2020 – 2024 година (во натамошниот текст: Стратегијата) е изработена со учество на сите засегнати страни во областите на делување на стратегијата: *претставници на Комисијата за еднакви можности на жените  и мажите на општина Пробиштип , претставници на администрацијата на Општина Пробиштип, претставници на невладиниот сектор граѓаните од општинта и преставници на ЖГИ АНТИКО, Скопје.*

[1] *(„Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 166/2014)*

*Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Скопје, (ЖГИ АНТИКО), даде стручна поддршка преку ангажирање на експерт, кој го фацилитираше партиципативниот процес на развивање на Нацрт Стратегија (2020-2024) и Двогодишниот Нацрт Акцискиот план за еднакви можности за жените и мажите на Општина Пробиштип (2020-2021), во рамки на проектот „ГО-Промотори на дијалог, акција, креирање локални политики“ финансиски поддржан од Програмата Цивика Мобилитас.*

Општина Пробиштип има обврска а ја подготви Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите и истата ја дава на усвојување во Советот на општината.

Стратешкото планирање е демократски процес за креирање на визија, мисија и стратегии за достигнување на посакуваната иднина во областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Пробиштип и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ на општина Пробиштип.

Во подготовката на Нацрт-Стратегијата и Нацрт- Двогодишниот акциски план беа вклучени претставници на главните целни групи од областите на делување, кои од свој аспект активно патиципираа и дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги отсликува потребите и предлозите на засегнатите страни.

**Визијата** на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Пробиштип е стратешки документ на општината, *фокусирана на унапредување на работата на Комисијата за еднакви можности на Општина Пробиштип 2020- 2024 година, која ќе биде зајакната и препознатлива Комисија за еднакви можности на жените и мажите во Источниот плански регион и пошироко, со силни кадровски и технички капацитети за реализација на целокупните свои програмски активности преку вклучување на сите засегнати страни.*

*Согласно на визијата, исто така и мисијата е дефинирана во процесот на стратешкото планирање на еднаквите можности на жените и мажите на Општина Пробиштип за 2020-2024.*

*Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Пробиштип (за време на својот мандат) има за обврска да делува во насока на* вклучување на родовата перспектива  во креирањето локални  политики – каде ќе се изразуваат родовите перспективи во локалните стратегии, програми и планови на општината.

*Комисијата донесува план за нејзината работа за 2020- 2021 и предлага на усвојување на Советот на Оптина Пробиштип и нејзините тела. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Пробиштип заедно со координаторот/ката и заменик координатор/ка за еднакви можности на мажите и жените, активно се вклучува во нејзината имплементација.*

Комисијата е политичко тело која лобира да се имплементираат стратешките планови, ги разгледува извештаите и се залага за обезбедување на средства за имплементацијата на активностите од Стратегијата.

Комисијата за еднакви можности на жените  и мажите( повикувајќи се на Законот за еднкави можности на жените и мажите), дава мислење по однос на материјалите и предлозите за седниците на советот на општината; донесувањето на буџетот, статутот, програмата за работа на советот и дрг. Таа идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата во работата на органите на единица на локалната самоуправа и општинската администрација - се грижи за доследно спроведување на одредбите на овој закон и други закони од областа на еднаквите можности и недискриминацијата, предлагајќи му на советот на единицата на локалната самоуправа мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата врз основа на анализа на утврдените состојби во областите во надлежност на единицата на локалната самоуправа.

*Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на општина Пробиштип(Согласно член 35 од Статутот на општина Пробиштип-Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) –Комисија за еднаквост меѓу половите)постојано ја унапредува својата работа и ќе делува во правец на  целосно воведување на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, унапредување на положбата на жените и мажите, ќе ја*

*потикнува јавната свест-запознавање со законската регулатива од оваа област, зголемување на свеста кај граѓаните за користа од воведувањето на родово сензитивнитите политики со што ќе се зголеми еднаквоста меѓу мажите и жените.*

Тимот за изработка на стратегијата за еднакви можности на жените  и мажите на општина Пробиштип , издвои пет стратешки цели и повеќе специфични цели, а при тоа дефинираше сет на активности неопходни за остварување на поставените цели за унапредување на еднаквите можности на жените  и мажите во Општина Пробиштип и тоа:

1. Зајакнати капацитети на Комисијата за еднакви можности на Општина Пробиштип целосно воведен родов пристап во креирањето на локалните политики и буџети

2.Мапирани потреби во институциите (користење и ажурирање база на податоци за потребите на општината  во делот на родовата застапенсот во образование, детска заштита, здравство , култура,спорт, социјална заштита

3. Подобрена економската состојба на сите граѓани, со акцент на оние кои се засегнати со одредени родово сензитивни прашања

4. Промовирана/Препознатливост на реализација на активности  на Комисијата за еднакви можности, на регионално и национално ниво и реализација на  активнсоти за еднакви можности на жените и мажите на општиан Пробиштип

5.Коалиција на мрежи, вмрежување за еднакви можности помеѓу жените и мажите во општина Пробиштип и  на Комиисите за еднакви можности со соодветни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор)на локално, регионално и државно ниво.

Со имплементацијата на акцискиот план кој е составен дел на Стратегијата ќе се придонесе кон унапредување на работата на Комисијта за еднакви можности на Општина Пробиштип, пред се преку реализација на активностите кои произлегуваат од утврдената визија и мисија, а сето тоа за создавање еднакви можности за подобар живот на сите граѓани во заедницата.

# МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Стратегијата во нацрт верзија е подготвена на неколку еднодневни работни средби (работилници) со учество на сите засегнати страни во приоритетните области: претставници на Комисијата за еднакви можности, претставници на администрацијата и на Советот на Општината, на невладините организации и други заинтересирани граѓани и тоа во периодот октомври 2019 – јануари 2020 година. Нацртот на Стратегијата, особено акцискиот план кој е составен дел на Стратегијата во кој воглавно се елаборирани активностите за периодот 2020-2024, беше посебно разработен од работната група на неколку подготвителни работилници, а беше доработен во консултација на целиот тим, координиран од претседателката и координаторката на Комисијата за еднакви можности на Општина Пробиштип. По предлог верзијата на Стратегијата за работа на Комисијата, се изјаснуваат граѓаните и сите засегнати страни во Општината, на состаноци, јавни собири, форуми и останати форми на консултација со граѓаните и нивни претставниците. По инкорпорирање на сите прифатливи забелешки и сугестии, по Стратегијата ќе расправа и Советот на Општината Пробиштип, по што истата ќе биде усвоена со вградување на евентуалните дополнителни укажувања по кои е постигната согласност.

Самата подготовката на текстот на Нацрт - Стратегијата ги содржеше следните чекори:

- Анализа на окружувањето;
- SWOT Анализа;
- Дефинирање визија и мисија за еднакви можности на мажите  и жените во Општина Пробиштип;
- Дефинирање на приоритетни области, стратешките цели и проекти;
- Насоки за следење и оценка на резулатите (мониторинг и евалуација)
- Постапка за управување со ризиците и
- Подготовка на Нацрт- Двогодишен акциски план за имплементација

Процесот на изработката на Нацрт- стратегијата беше иницирана, фацилитирана и поддржана од Проектот - „ГО-Промотори на дијалог, акција, креирање локални политики“ финансиран од програмата Цивика мобилитас, а имплементиран од ЖГИ АНТИКО, Скопје.(ЖГИ- АНТИКО)

За постигнување на целта за креирање на еден ваков документ, претходно беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Општина  Пробиштип и ЖГИ АНТИКО, Скопје, се реализира едно(1) сеопфатно истражување во општината со засегнатите страни, а потоа и две(2) состаноци во просториите на општината, како и две обуки со 2 дводневни работилници, односно вкупно 4 работилници (во Струга) и две(2) еднодневни работилници (со практична работа во групи) во Пробиштип , односно вкупно 9 активности: едно (1) истажување, 2 состаноци  и 6 работилници , кои беа поддржани и фацилитирани од страна на обучувач/фасилитатор, ангажиран во рамките на горeспомнатиот проект, и тимот На ЖГИ АНТИКО. На овие работилници учествуваа по пет претставници од општинската администрација и членови на Комисијата и пет претставници од локални невладини организации и засегнати страни, кои преку работа во групи ги истакнаа приоритетните потреби за развој и унапредување на родовата еднаквост на жените и мажите во Општина  Пробиштип.

# АНАЛИЗА НА ОПКРУЖУВАЊЕТО

Општина Пробиштип се наоѓа во североисточниот дел на Македонија. Припаѓа на средното сливно подрачје на Брегалница преку Злетовска река, односно нејзиниот простор се протега од десната страна на река Брегалница, помеѓу планините Манговица и јужните ограноци на Осоговските планини.

Пробиштип се граничи со општините Штип, Кочани, Кратово, Карбинци, Чешиново-Облешево и Свети Николе.

Општината лежи меѓу две важни сообраќајни артерии – брегалничката и криворечката. Брегалничката ја поврзува со Кочани, Штип, Велес и Скопје, а криворечката со еден крак поминува преку Кратово, Куманово и Скопје, а со вториот крак поминува преку Кратово, Крива Паланка и соседна Република Бугарија.

Од железничката станица „Ванчо Прќе„ градот Пробиштип е оддалечен 15 км, а додека од главниот град Скопје е оддалечен 110 км.

Површината на Општина Пробиштип изнесува 318 км2, а вкупниот број на население е 16.193 жители, од кои 8248 се мажи и 7945 се жени.

Националниот состав на Општина Пробиштип изразен во проценти е 98,67 % или 15.977 македонци.

Општината се наоѓа на 330 до 1200 метри надморска височина, со просечна густина на населеност од 51 жител на км2.

Седиште на општината е градот Пробиштип кој се наоѓа на 540 до 650 метри надморска височина со 10.816 жители. Постојат две приградски населби: едната со исто име – Пробиштип, втората – Калниште и една полуградска населба. Останатите 33 населени места се селски населби и тоа: Бучиште, Гајранци, Горни Стубол, Горно Барбарево, Гризилевци, Гујновци, Добрево, Долни Стубол, Долно Барбарево, Дренак, Зарапинци, Куково, Кундино, Лезово, Марчино, Неокази, Пестришино, Петршино, Пишица, Плешенци, Пуздерци, Стрмош, Трооло, Бунеш, Древено, Зелениград, Злетово, Јамиште, Лесново, Ратавица, Трипатанци, Стрисовци, Турско Рударе и Шталковица.

Во поглед на климата обласста се наоѓа во Јужниот дел на Северниот умерен појас, меѓу подрајча во кои се осеќаат влијанија на медитеранска клима (Кочанска котлина и Овче поле) и Осоговскиот масив каде владее исразито планинска клима. Ваквата географска положба условила нејзината клима да се карактеризира со елементи на умерено континентална, изменето-средосземна и планинска клима.

Со оглед на релјефот во оваа област можат да се издвојат два климатски реони:

- Реон на умерена клима, со елементи на изменето средоземна клима и
- Реон на планинска клима

Првиот реон го опфаќа подрачјето на Злетовската област јужно од Злетово река ова поле е отворено на медитеранските влијанија.

Вториот климатски регион го опфаќа подрајчето што се шири на север од Злетово се до највисоките врвови на обласста. Како планинско подрајче се одликува со свежо лето, ладна пролет и есен, а студена и снежна зима. Средната годишна температура во зимските месеци се движи од 1 до 3C, а во летните месеци од 21 до 25C.

Количеството на годишни врежни изнесува околу 600-650мм.

Општина Пробиштип располага со значителен број на природни реурси кои претсавуваат база за понатамошен развој на општината.

Разликата на релјефот, геолошкиот состав, надморската височина, климата и шумите условила значителни разлики во хидрографските прилики. Теренот е претжно планински и е составен од кристалести шкрилици изобилува со извори. Во споредба со планинското продрајче другите делови, поради еруптивниот состав на почтава и помалото количество на врнежи се доста безводни.

Повеќенаменски хидросистем „Злетовица“ на Злетовска река со кој се реши проблемот со водоснабдување и наводнување на повеќе општини во регионот. Браната е висока 75 метри, ширината е 300 метри, а должината е 4000 метри. Во неа може да се акумулира количина на вода од 23.500.000 м3.

Во Општина Пробиштип работат следните воспитно-образовни установи:

- Предучилишни установи: ЈОУДГ "Гоце Делчев" - Пробиштип
- Основни училишта: ООУ "Никола Карев" и ООУ "Браќа Миладиновци" - Пробиштип
- Средно училиште: СОУ " Наум Наумовси - Борче" - Пробиштип

## Културни установи

Во општина Пробиштип постои една културна установа Дом на култура „Злетовски рудар“ Пробиштип.

## Социјална заштита

Во областа на социјална заштита работат:

- ЈУ „ Центар за социјална работа“Пробиштип
- Дневен центар за лица со телесна или ментална попреченост

Општина Пробиштип, Одделението за јавни дејности изготвува програма за социјална, детска заштита и здравствена заштита и реализира активности се со цел да придонесе јакнење на социјалната функција на општината во согледување на потребите на граѓаните и грижата и помошта на оние лица, семејства, општествени групи кои се засегнати од одредени социјални ризици, кои ќе бидат наочени кон остварување на следните цели и тоа

1. Социјална заштита и заштита на децата

2. Остварување на социјална грижа за лица со попреченост, инвалидните лица,

3. Заштита на деца (деца од рурални средини, деца на возраст до 1 год, деца со воспитно-социјални проблеми, деца со проблеми во говор и јазик, Запоставени и сексуално злоставувани злоупотребувани деца, деца без родители и родителска грижа, правата и обврските на децата, деца од еднородителски семејства

4. Лица изложени на социјален ризик, лица засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, лица жртви на семејно насилство, лица жртви на трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа преку институционални и вонинституционални облици на социјална заштита

5. Социјална помош (еднократна парична помош по однос на поднесено барање и утврдување согласно правилник за доделување на еднократна парична помош), болни лица, лица изложени на социјален ризик, корисници на социјална помош, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди

6. Домување на лица со социјален ризик,

7. Остварување на право на децата од предучилишна возраст

8. Утврдување на потребата од социјална услуга

9. Унапредување на здравствената заштита

10. Социјална превенција

11. Подигање на свеста на населението

Програма за социјална здравствена и детска заштита се изработува согласно своите надлежности во областа на социјалната заштита  и тоа:

• Изготвување на програми и реализација на активностите предвидени во програмата

• Основање на јавни установи за социјална заштита

• Реализација на вонинситуционлани форми на социјална заштита

• Изготвување на социјален план за социјална заштита за општина Пробиштип

• Реализација на превентивни активности и програми во соработка со нво, меѓународни владини и невладини организации, бизнис заедница и др.

Општина Пробиштип веќе неколку години го реализира проектот за општинско-корисна работа во соработка со Центар за социјана работа и АВРСМ,Центар за вработување Пробиштип финансиски подржан од  UNDP.

# КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности на Општина Пробиштип опфаќа активности од областа на родовата еднаквост и недискриминација, иницијативи и акции кои ќе водат кон унапредувањето на положбата на мажите и жените и заштитата од дискриминација. Со Законот за еднакви можности на жените и мажите се уредува воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти за обезбедување на еднакви можности на жените и мажите. Целта на овој Закон е воспоставување на еднакви можности помеѓу мажите и жените во политичката, економската, социјалната, образовната културната, здравствената, граѓанската област од општествениот живот.

Воспоставување на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање на услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите.

Со цел континуирано подобрување на положбата на сите грѓани, на жените, особено, но и на младите и на сите маргинализирани групи, во сите сфери на општественото живеење и заштита и спречување од дискриминација на територијата на општина Пробиштип, Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општината изготвува Програма за работа како рамка преку која ќе покренува заеднички иницијативи со цел унапредување на еднаквите можности и недискриминација.

Клучни области на кои ги насочува активностите се:
-Заштита и спречување на дискриминација во воспитно-образовниот процес за жителите од руралните средини,
-Здравствената заштита на населението,
-Заштита од семејно насилство,
-Вклучување во кампања за „Здрава храна“ во училиштата и детските градинки
-Учество на граѓански организации и здруженија на локално ниво.

На седницата оддржана на ден 20.11 2017 година, а по предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината, донесено е решение за состав на Комисија за еднаквост меѓу половите со следните членови (кои имаат мандат од 4 години, од денот на формирањето):

1. Светлана Станојковска –претседател, ВСС
2. Лидија Аксентиева –член, ВСС
3. Симона Јованова –член, ВСС
4. Сандра Мијалковска –член, ВСС
5. Дарко Герасимовски–член, ВСС
6. Анкица Кијајова – координатор, ВСС
7. Александра Николовска - заменик координатор, ВСС

# SWOT АНАЛИЗА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП

SWOT анализата е многу важна алатка во процесот на стратешко планирање, бидејќи овозможува идентификување и дефинирање на стратешките приоритети.

Табела - SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, како и можностите и заканите) за работа во областа на еднаквите можности на жените  и мажите во Општина Пробиштип (идентификувани во партиципативен процес од страна на  работната група за време на одржувањето на  работилниците за развивање на Нацрт- стратегијата)

| Силни страни | Слаби страни |
| --- | --- |
| • Поддршка од Координатор на Комисијата за еднакви можности и членови, вработен во општинската администрација<br>• Поддршка од општината и Одделението за локален економски развој и заштита на животната средина со обучен кадар<br>• Соработка со други Комисии за еднакви можности на регионално и национално ниво<br>• Редовна вклученост на Комисијата за еднакви можности во обуки на национално ниво<br>• Воспоставена соработка со сите засегнати страни<br>• Родово одговорно буџетирање во Општината, врз основа на Програмата на Комисијата за еднакви можности<br>• База на податоци за родова рамноправност во сите институции<br>• Редовни извештаи за родова рамноправност и редовно донесување на годишната Програма за работа на Комисијата за еднакви можности | • Недоволна вклученост на членовите и коодинаторот на Комисијата за еднакви можности во обуки за процесите на креирање на политики<br>• Недоволно технички и кадровски капацитети<br>• Неискористени/недоволни финансиски средства определени со Буџетот на Општината за реализирање на Програмата за родова еднаквост<br>• Недоволна промоција на Комисијата за еднакви можности во заедницата<br>• Недоволна соработка со јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор при креирањето на родово сензитивни политики<br>• Мал број на работни состаноци со сите засегнати страни<br>• Невклученост на Комисијата за еднакви можности во регионални и национални мрежи<br>• Неискуство во професионална комуникација<br>• Недоволна координираност, и информираност во спроведување на Програмата<br>• Недоволна соработка со НВО секторот<br>• Немање слух од институциите за реализација на проекти од родова рамноправност<br>• Немање соодветна база на податоци за приоритетни проекти од сите области и родова сензитивност<br>• Недоволна координираност на Комисиите за еднакви можности во Источно плански регион |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| • Отвореност за континуирана соработка со институциите<br>• Делумно воспоставени контакти во мрежите за родова рамноправност<br>• Добри услови за организација на соодветни работни состаноци<br>• Следење на можности за грантови за проекти и обучен кадар за изработка на проектна документација<br>• Обучен дел од кадарот во општинската администрација за поддршка на подготовка и имплементација на програмските активности | • Промена на законската регулатива<br>• Недоволна финансиски средства во буџетот на општината<br>• Некоординираност во соработката со локалната власт<br>• Политичка и економска нестабилност со влијание на континуитетот на програмските активности<br>• Немање анализа на потребите и недостаток од знаење за соодветна приоритизација на активностите во оваа област, согласно утврдените потреби и расположивите ресурси<br>• Слабо ниво на развиена свест за проблемите за родова еднаквост<br>• Недоволно искористени ресурси, искуства и обуки за родова рамноправност.<br>• Промена на односот на локалната власт кон приоритетите поврзани со родова еднаквост<br>• Промена на Координаторот и членовите на Комисијата за еднакви можности<br>• Недоволно развиена свест за родово сензитивни проблеми кај граѓаните, (пред се на младите, жените и маргинализираните групи)<br>• Неспроведување на истражувачка работа за мапирање на реалните проблеми за родова еднаквост во заедницата<br>• Непостоење можности за прекфалификација во други стручни за кои има побарувачка на локалниот пазар на труд, заради стереотипи (т.н. машки и женски занимања) и предрасуди |

Преку SWOT анализата погоре, може да се констатира дека, и покрај слабите страни и заканите, сепак преовладуваат силните страни и можностите за поуспешна работа во областа на постигнувањето на еднаквите можности на жените и мажите во општина Пробиштип, искористувајќи го постоечкиот потенцијал, а и потребата на жените и мажите во општината, како и знаењето и искуството на засегнатите страни во заедницата, особено интересот на младите, жените и маргинализираните групи за поддршка во создавање подобри услови за живот, преку имплементација на родово сензитивни политики. Во оваа смисла, охрабрува фактот дека Општината се повеќе ги препознава потребите на сите граѓани и дава поддршка за нивно адресирање со средства од Буџетот, но и со привлекување финансиска и друга поддршка од надворешни (државни) институции, но и домашни и странски организации.

Идентификувани **засегнати страни** се следните: невладини организации кои делуваат во Општината, сите образовни институции, институции за социјална и здравствена заштита, Агенција за вработување, приватни бизниси и други сродни институции и органзации.

# ВИЗИЈА И МИСИЈА

**Визија** - *Општина Пробиштип до 2024 година ќе има зајакната и препознатлива Комисија за еднакви можности на жените и мажите во Источниот плански регион и пошироко, со силни кадровски и технички капацитети за реализација на целокупните програмски активности преку вклучување на сите засегнати страни.*

**Мисија** - *Општина Пробиштип, до 2024 постојано ќе ја унапредува својта работа и ќе делува во правец на целосно воведување на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, унапредување на положбата на жените, потикнување на јавната свест-запознавање со законската регулатива од оваа област, зголемување на свеста кај граѓаните за корист а од воведувањето на родово сензитивнитите политики со што ќе се зголеми еднаквоста меѓу жените и мажите во општината.*

# ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Приоритетни области на Стратегијата за еднакви можности на жените и мажите на Пробиштип за 2020-2024 се: зајакнување на капацитетите на Комисијата, во секој поглед, утврдување на вистинските /специфичните потреби на заедницата/ општината Пробиштип во која што делува Комисијата, подобрување на квалитетот на животот на сите граѓани, посебно на младите, жените и на маргинализираните групи, подигање на свеста на граѓаните за родово сензитивните прашањња и преку промовирање на активностите и покренување на иницијатива за формирање на мрежа или платформа/ коалиција за соработка на комисии и организации на локално и регионално ниво кои третираат исти и слични прашања за размена на информации и поефикасен настап пред домашните и странските институции и организации за барање поддршка во имплементација на активностите.

# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Стратегијата вклучува реализација на пет стратешки цели:

**Стратешка цел 1:** *Зајакнати капацитети на Комисијата за еднакви можности на Општина Пробиштип целосно воведен родов пристап во креирањето на локалните политики и буџети*

**Стратешка цел 2:** *Мапирани потреби во институциите (користење и ажурирање база на податоци за потребите на општината во делот на родовата застапенсот во образование, детска заштита, здравство , култура, спорт, социјална заштита*

**Стратешка цел 3:** *Подобрена економската состојба на сите граѓани, со акцент на оние кои се засегнати со одредени родово сензитивни прашања*

**Стратешка цел 4:** *Промовирана/Препознатливост на реализација на активности на Комисијата за еднакви можности, на регионално и национално ниво и реализација на активнсоти за еднакви можности на жените и мажите на општиан Пробиштип*

**Стратешка цел 5:** *Коалиција на мрежи, вмрежување за еднакви можности помеѓу жените и мажите во општина Пробиштип и на Комиисите за еднакви можности со соодветни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор) на локално, регионално и државно ниво*

Секоја стратешка цел предвидува имплементација на специфични цели и конкретни активности со очекувани резултати, одговорни лица и институции за имплементација на активностите, утврден временски рок и потребен буџет за нивна реализација, но и управување со ризиците како и методологија за следење и проценка на резултатите.

Предвидените активности во Стратегијата во 2020 година ќе се финансираат согласно предвидените активности на КЕМ, а во 2021 година ќе се финансираат со средстава од буџетот на општина Пробиштип кој ќе биде предвиден во програмата за тековната година и од странска и домашна донации

***Стратешка цел 1:*** *Зајакнати капацитети на Комисијата за еднакви можности (КЕМ) на Општина Пробиштип целосно воведен родов пристап во креирањето на локалните политики и буџети*

***Специфична цел 1.1*** *Подготвена анализа на потребите, креирана и имплементирана програма за едукација и континуирано надоградување на членовите на Комисијата за еднакви можности, преку консултации до афирмирани експерти*

*Специфична цел 1.2 Подготвена анализа на потребите на општина Пробиштип и реализирани активности на Комисијата за еднакви можности*

***Стратешка цел 2:*** *Мапирани потреби во институциите (користење и ажурирање база на податоци за потребите на општината во делот на родовата застапенсот во образование, детска заштита, здравство , култура,спорт, социјална заштита*

***Специфична цел 2.1*** *Спроведено истражување за потребите на институциите*

***Специфична цел 2.2*** *Идентификувани можностите за адресирање на утврдените потреби во институциите и воспоставување соработка со сите засегнати страни за реализација на утврдените потреби*

***Стратешка цел 3:*** *Подобрена економската состојба на сите граѓани, со акцент на оние кои се засегнати со одредени родово сензитивни прашања*

***Специфична цел 3.1*** *Креирана систематизирана база на податоци неопходна за подобрување на економската состојба на сите граѓани, со вклучување на родово сензитивни прашања*

***Специфична цел 3.2*** *Подобрено ниво на образование и на квалификации на сите заинтересирани граѓани, посебно на невработените жени, млади и маргинализираните групи*

***Специфична цел 3.3*** *Подготвени и реализирани проекти за олеснување на процесот за вработување на сите граѓани, со акцент на младите, жените и маргинализираните групи*

***Стратешка цел 4:*** *Промовирана/Препознатливост на реализација на активности  на Комисијата за еднакви можности, на регионално и национално ниво и реалзиавциај анактивнсоти за еднакви можности на жените и мажите на општиан Пробиштип*

***Специфична цел 4.1*** *Обучени членови на Комисијата за еднакви можности, Општинска администрација, наставен кадар во образование,социјална заштита, здравство, култура , спорт, детска заштита и НВО во сите области*

***Специфична цел 4.2*** *Промоција на реализиарни активности за родова еднаквост на општина Прибиштип Комисијата за еднакви можности на жените  и мажите на општина Пробиштип и нво преку социјалната мрежа на општината*

***Стратешка цел 5:*** *Коалиција на мрежи, вмрежување за еднакви можности помеѓу жените и мажите во општина Пробиштип и  на Комиисите за еднакви можности со соодветни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор) на локално, регионално и државно ниво*

***Специфична цел 5.1*** *Утврдени цели за еднакви мопжности меѓу жените и мажите на општиан Пробиштип и на Комисијата за еднакви можности за вмрежување со сродни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор), на регионално и државно ниво*

***Специфична цел 5.2*** *Мапирани можни партнери на општина Пробиштип и  Комисијата за еднакви можности за вмрежување на локално регионално ниво и државно ниво*

***Специфична цел 5.3*** *Подготовка на иницијатива за вмрежување и воспоставување на соработка со избраните партнери на општина Пробиштип со други општини Комисијата за еднакви можности*

# НАСОКИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Мониторингот/следењето е рутинско/систематско собирање и анализа на информациите за да се следи напредокот во поглед на она што е планирано (целите кои се утврдени) и да се проверува дали напредокот се постигнува по воспоставените стандарди. Мониторингот помага да се идентификуваат трендовите и моделите, да се адаптираат стратегиите и да се информира раководниот тим за тоа дали има потреба да се ревидираат одредени одлуки. Значи, со правилното практикување на мониторингот се сигнализира на потенцијални слабости во Стратегијата или на одредена нејзина активност/проект/мерка, овозможувајќи да се направи навремена корекција. Мониторингот е од витално значење за проверка на сите промени (позитивни или негативни) за целната група (одговорните за реализација на Стратегијата или на одредена нејзина активност). Мониторингот се врши од внатрешни (општински) стручни лица во одредена област, назначени од раководителите на процесот на имплементација на Стратегијата

Евалуацијата/оценката е систематска и објективна проценка на тековните активности (нивниот дизајн) или на завршените проекти, односно на завршената импементација на Стратегијата и на постигнатите резултати во однос на планитаното. Целта е да се утврди релевантноста и исполнувањето на целите, развојот на ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста. Евалуацијата има тенденција да укаже на влијание на проектот/активноста/Стратегијата во целост и особено на одржливоста. Евалуацијата ќе биде спроведувана од стручни лица во Општината назначени од раководството кое е задолжено за имплементација на Стратегијата, но во одредени случаи, доколку за тоа има потреба, и од надворешни стручни лица/организации/независни консултанти (особено во случај на оценувања на влијание), или како заеднички внатрешен/ надворешен тим кој ќе работел на партнерска основа.

Клучната идеа за воведување на за мониторинг и евалуација е обезбедување на повратна информација за работата во делот на имплементација на Стратегијата. Тоа е постапка која се спроведува цело време, иако тоа не мора да биде строго формален процес. Сепак, преку воспоставување на одредени формални процедури (на пр. - подготовка на план за мониторирање и евалуација, како прилог на Стратегијата) и практикување на систематски мониторинг и евалуација, ќе се добијат поквалитетни повратни информации. Да се делува согласно информациите од мониторингот и евалуацијата понекогаш не е лесно, но стратешкото планирање секако го бара тоа, бидејќи само на тој начин ќе може да се подобри процесот на имплементација на Акцискиот план на Стратегијата. Резултатите од мониторингот/следењето и евалуација овозможува да се покаже ефикасноста на спроведување на активноста или на одреден проект и влијае на регулирање на предвидените/вложените ресурси навреме и соодветно на реалните потреби.

Придобивките од мониторинг и евалуација е таа што овие активности им помогаат на оние кои директно се вклучени во процесот на спроведување на Стратегијата (како одговорни лица/институции), и тоа особено при:

- Утврдување на степенот на реализација е активноста/проектот и дали таа тече соодветно на планираното, за да се направат сите потребни корекции ако се неопходни;

- Донесување на издржани одлуки во врска со одредени операции во текот на управување со активностите;

- Обезбедување поефективна и поефикасна употреба на ресурсите;

- Оценување на степенот до кој што е реализирана Стратегијата /активноста/проектот, како и на посакуваниот ефект од истата или дел од неа.

# РАЗЛИКАТА МЕЃУ МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Мониторинг значи следење на клучните елементи на имплементација на Стратегијата, на редовна основа (вложувања, активности, резултати). Спротивно на тоа, евалуација е т.н. епизодна оценка на промена на одредени резултати, која што може да се припише на некоја интервенција (дополнителни вложувања) во стратешката активноста/проектот, или потточно - анализа на одредени вложувања и активности кои што се преземени, со цел да се утврди нивниот директен придонес на резултатот.

Развој на план за мониторинг и евалуација (во овој случај, неговата скратена верзија е инкорпорирана во рамките на Акциониот план за имплементирање на Стратегијата), е клучен чекор за управување со процесот на проценка и известување за напредок во постигнување резултати и „продукти" преку реализирање на активностите/проектите во Стратегијата Со планот се идентификуваат оние прашања на кои се однесува евалуацијата, преку давањето повратна информација (оценка). Значи, мониторинг и евалуација се вградени во акциониот план (дефиниран резултат кој се очекува од активноста, и на краткорочен и на долгорочен план, индикатор и извор на податоци за мерење на индикаторот) кои придонесуваат за ефикасноста, како и за подобра реализација на самиот проект, со определба потребните споредливи податоци да се собираат редовно и да се сублимираат во извештаите. До Советот на Општина Пробиштип ќе се поднесуваат годишни извештаи за информирање. Согласно динамиката на процесот на имплементција, процедурите за мониторинг и имплементација може да се прилагодуваат на секоја цел поодделно, што всушност претставува пофлексибилен начин за следење и оценка, односно истите можат да се адаптираат на специфичните потреби на процесот.

# ИНДИКАТОРИ

Индикаторите преку нивни јасни формулации обезбедуваат прецизни информации потребни за да се процени дали предложените активности и/или измени имаат одредено влиајние, односно дека истите се случиле. Индикаторите се или квантитативни (нумерички) или квалитативни (описни формулации).

Секој индикатор детално дефинира, посебно клучните термини, вклучувајќи и објаснување на одредени аспекти кои ќе се мерат (како на пример, кој, што, како и кога се применува/мери со индикаторот). Доколку има потреба, се дефинира точно како ќе се пресметува индикаторот.

# ИЗВОРИ НА ВЕРИФИКАЦИЈА

Изворите за верификација на индикаторот всушност ги идентификуваат изворите на информации и собирањето на податоци со одредени методи и алатки, како што се користење на секундарни податоци, редовно следење или периодична проценка, спроведување анкети, па и дискусии во фокус групи. Оваа колона, исто така, покажува дали алатките за собирање податоци (прашалници, листи за проверка) се постоечки или ќе треба да се развиваат дополнително.

При дизајнирање на индикаторите особено се имаат предвид следните укажувања:

- Да бидат СМАРТ (специфични, мерливи, остварливи, релевантни, и временски ограничени)
- Да можат лесно да се протолкуваат и да се објаснат,
- Да можат да се реализираат навреме, да се ефективни и тоа да е технички изводливо.

Секој индикатор има валидност (да може да се измери точно) и со сигурност (да се води сметка за родот на исти податоци во повторените мерења на вариабилата), а, за одредени индикатори, постои можност за користење на меѓународни или индустриски стандардизирани показатели.

# ПОСТАПКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Ризикот е настан или состојба кој/а, ако се случаi, може да има позитивно или негативно влијание врз цели на Стратегијата. Управување со ризикот е процес на идентификување, оценување, одговарање, мониторинг/следење и известување за ризиците. Планот за управување со ризици дефинира како се идентификуваат ризиците поврзани со Стратегијата, како истите се анализираат, и како се отстраната ризиците, односно како се намалува нивното негативно влијание. Планот дава преглед за тоа како се изведуваат активности за управување со ризик, како тој се евидентира и следи во текот на процесот на имплементирање на Стратегијата. Преку него може да се воедначат процедурите за идентификување и точно дефинирање на ризикот, односно истиот да може да се евидентираи приоритизира.

Планот за управување со ризиците е неопходен за раководството кое е одговорно за процесот на имплементирање на Стртегијата, а го изготвува работната група за подготовка на Стратегијата, во соработка со други стручни лица.

## ПРОЦЕС

Работната група за подготовка на Стратегијата ги идентификува и анализира ризиците во текот на целиот процес на изработка и имплементација на Стратегијата. Ризици ќе бидат идентификувани што е можно порано за да се минимизира нивното влијание. Работната група за подготовка на Стратегијата ќе се смета за одговорна за упавување со ризиците, заедно со раководството одговорно за имплементација на Стратегијата.

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА РИЗИК

РаботнатагрупазаподготовканаСтратегијатагиидентификува ризиците, а во тој процес ги вклучи засегнатите страни. Внимание се посветува и на резултатите од реализираните активности, претпоставките, ограничувањата, проценките на направените трошоци/напорот, ресурсите, и други клучни аргументи.

Евиденцијата за управување со ризикот се генерира и ажурира по потреба и податоците се чуваат во електронска форма од страна на одговорно лице, назначено за тоа.

# АНАЛИЗА НА РИЗИКОТ

Сите идентификувани ризици се проценуваат за да се определи опсегот на можни исходи на одредена активност или проектот како дел од истата. Квалификацијата/проценката на ризиците се користи за да се утврди кои ризици се на врвот на веројатноста од нивно влијание за да може на тоа да се одговори соодветно и при тоа, да се утврди кои ризици можат да се игнорираат.

## КВАЛИТАТИВНА АНАЛИЗА НА РИЗИК

Веројатноста и влијанието на настанување на секој идентификуван ризик се оценува од страна на оној кој раководи со одередена активност/проект, во координација со тимот кој што раководи со имплементацијата на Стратегијата, користејќи го следниот пристап при квалификувањето:

### Веројатност

- Висока - Поголема од 70% веројатност за појава
- Средна - Помеѓу 30% и 70% веројатност за појава
- Ниска – Помалку од 30% веројатност за појава

### Влијание

- Високо (В) - Ризик кој има потенцијал во голема мера да влијае на трошоците на активноста/проектот, во поглед на обезбедувањето на ресурсите или реализацијата
- Средно (С) - Ризик кој има потенцијал малку да влијание на трошоците на активноста/проектот, во поглед на обезбедувањето на ресурсите или реализацијата
- Ниско (Н) - Ризик кој има релативно мало влијание врз цената, обезбедувањето на ресурсите или реализацијатаВо поглед на ризици кои се во црвена и жолта зона се подготвува одговор односно ќе се планира постапување по тој ризик кое вклучува намалување на ризикот и изработка на план за појавување на вонреден ризик.



## Квантитативна анализа на ризикот

За анализа на ризични настани кои се приоритетни, се користи квалитативен процес на анализа на ризик и неговото влијание на активностите на Стратегијата. Таквиот ризик се проценува со нумерички рејтинг, која што метода се применува на секој ризик врз основа на оваа анализа, а потоа се документира во дел на планот за управување со ризик.

## Одговор и планирање на ризик

Секој голем ризик (оние што спаѓаат во црвени и жолти зони) му е доделен на еден член на тимот одговорен за имплементација на Акциониот план на Стратегијата, со цел истиот соодветно и постојано да се следи, во поглед на веројатноста и влијанието. За секој голем ризик, еден од следниве пристапи може да биде апликабилен/соодветен:

- Избегнување – елиминирање на заканата со елиминирање на причината
- Ублажување – идентификување на начините за намалување на веројатноста и влијанието на ризикот
- Прифаќање - ништо нема да се направи во поглед на ризикот

За да се обезбеди со сигурност дека секој ризик ќе биде ублажен, најпрвин ќе се бараат сите можни начини да се спречат условите/причините за појавување на ризикот или да се намали неговото влијание и веројатност за случување. Ова може да вклучува креирање на прототип на можниот ризик, а може и да се определат дополнителни и задачи и да се адаптира имплементацијата на активноста/проектот, додавајќи ресурси, итн

За да се ублажи секој голем ризик или истиот да се прифати и по него да се постапува, во текот на акцијата се наведуваат мерките кои треба да се преземат кога би се случил ризикот, со цел неговото влијание сепак да се минимизира.

# НАЦРТ - АКЦИСКИ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2020 – 2021 ГОДИНА

| **Стратешка цел 1** *Зајакнати капацитети на Комисијата за еднакви можности (КЕМ) на Општина Пробиштип целосно воведен родов пристап во креирањето на локалните политики и буџети* | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Активност | Детални чекори, проекти, мерки | Очекуван резултат-долгорочен и краткорочен | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет | Вид на ризик и проценка на нивото на ризикот (високо, средно или ниско) | Активност за намалување на ризикот |
| **Специфична цел 1.1** *Подготвена анализа на потребите, креирана и имплементирана програма за едукација и континуирано надоградување на членовите на Комисијата за еднакви можности, преку консултации до афирмирани експерти* | | | | | | | | | | |
| 1.1.1 | Подготвување на анализа за потребите од едукација на членовите на КЕМ во соработка со НВО | Подготовка на методологија, прашалник, структурирани интервјуа.<br><br>Подготовка на анализата на резултатите | Предлог анализа | Потполнети прашалници и извештаи од реализираните структурирани интервјуа на членовите | Извештаи | КЕМ | Во текот на 2020-2021 година | 10.000,00 МКД | Нема ризик | |
| 1.1.2 | Подготвување на Програма за едукција/обука на членовите | Користење на резултатите и препораките од анализата Мапирање на ресурси | Програма за едукација обука | Изготвена Програма | Извештај | КЕМ | Во текот на 2020-2021 година | / | Нема ризик | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1.3 | Имплементација на Програмата за обуки со членовите на КЕМ | Идентификување на можни испорачувачи на едукација и обуки<br><br>Обезбедување на ресурси | Едуцирани и обучени членови на КЕМ, согласно Програмата | Број на реализирани обуки и листи за присуство на учесниците | Извештаи од реализираните обуки | КЕМ, во соработка со претседател на КЕМ претставници од НВО | Во текот на 2020-2021 година | Финансиска поддршка од страна на домашни и странски донации; и 30.000,00 МКД општински буџет | -Недоволно обезбедени средства (среден ризик)<br><br>-Недоволен интерес од членовите (мал ризик) | -Навремени иницијативи барања средства од идентификуваните извори на поддршка, со соодветно образложенија до сите вклучени Вклученост на сите членови |
| **Специфична цел 1.2** ***Подготвена анализа на потребите на општина Пробиштип и реализирани активности на Комисијата за еднакви можности*** | | | | | | | | | | |
| 1.2.1 | Обезбедување на постојани просторни услови за работа на НВО за потребите на општината и КЕМ (технички опрема канцеларија) | Идентификување на можни простории кои се на располагање во објектите во надлежност на Општината | Обезбедени соодветни постојани просторни услови за работа на НВО | Просторија во надлежност на општината | Просторија | КЕМ, во соработка со претседател на КЕМ и претставници од НВО | Во текот на 2020-2021 година | / | Немање соодветни простории во објектите кои ги користи општината (мал ризик) | Навремено идентификување можни соодветни просторни решенија и иницирање на нивно доделување на користење на НВО од страна на општината |
| 1.2.2 | Реализација на активности од програма на КЕМ за 2020 година во социјалната и здравствената заштита, (права на жената и за здрав живот) економско јакнење на жените | Организирње на едукативни предавања за сите видови на насилство, трговија со луѓе, малигни заболувања, мобинг и здрава храна | Реализирани активности | Обезбедени средства од програма за 2020 година на кем | Извештај од реализирани активности | КЕМ, НВО, Здравствени институции секторот, со поддршка на Општината | 2020-2021 година | 35.000,00 МКД | финасиска поддршка<br><br>Нема ризик | |

| **Стретешка цел 2** ***Мапирани потреби во институциите (користење и ажурирање база на податоци за потребите на општината во делот на родовата застапенсот во образование, детска заштита, здравство , култура,спорт, социјална заштита*** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Активност | Детални чекори, проекти, мерки | Очекуван резултат-долгорочен и краткорочен | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет | Вид на ризик и проценка на нивото на ризикот (високо, средно или ниско) | Активност за намалување на ризикот |
| **Специфична цел 2.1** ***Спроведено истражување за потребите на институциите*** | | | | | | | | | | |
| 2.1.1 | Подготовка на истражување на потребите | Подготовка на концепт вклучително на прашалниците и структуираните интервјуа | Истражување | Подготвени прашалници и структуирани интервјуа | Извештај | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 5.000,00 МКД | Нема ризик | |
| 2.1.2 | Спроведување на истражувањето | Избор на волонтери од граѓанскиот сектор за реализирање на истражувањето | Собрани потребните информации за анализата, | Број на пополнети прашалници и реализирани интевјуа | Извештај од спроведеното истражување | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 30.000,00 МКД | - немање доволно обучени волонтери за реализација ан истражувањето (висок ризик)<br>- недостаток на финансиска поддршка (среден ризик) | - навремено идентификување ан сите заинтересирани за оваа активност<br>- навремено планирање на средства во Буџетот за оваа активност |
| 2.1.3 | Подготовка на анализата за потребите на институциите | Сумирање на добиените податоци и подготовка на анализа на истите, со заклучоци и препораки | Анализа за потребите на институциите | Собрани податоци користени за Анализата | Извештај од подготовката на анализата | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 10.000,00 МКД | Нема ризик | |

| **Специфична цел 2.2** ***Идентификувани можностите за адресирање на утврдените потреби во институциите и воспоставување соработка со сите засегнати страни за реализација на утврдените потреби*** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2.1 | Разработка на препораки од анализата | Сумирање на препораките, како резултат од анализата | Дефинирани препораки по утврдените резултати на анализата | Собрани податоци во текот на истражувањето и анализата | Извештај од состанокот за увтрдување на препораките по анализата | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 5.000,00 МКД | Нема ризик | |

| **Стретешка цел 3** *Подобрена економската состојба на сите граѓани, со акцент на родово сензитивни прашања* | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Активност | Детални чекори, проекти, мерки | Очекуван резултат- долгорочен и краткорочен | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет | Вид на ризик и проценка на нивото на ризикот (високо, средно или ниско) | Активност за намалување на ризикот |
| **Специфична цел 3.1** *Креирана систематизирана база на податоци неопходна за подобрување на економската состојба на сите граѓани, со вклучување на родово сензитивни прашања* | | | | | | | | | | |
| 3.1.1 | Користење на постојните податоци од Општинската база на податоци како и од релевантни иститутции (агенции, статистика, матична служба) поврзани со економската состојба | Утврдување на листа на потребни информации и податоци Поднесување барање до Општината и до другите релевантни институции за обезбедување на дел од потребните податоци | Обезбени потребни податоци за подобрување на економската состојба, за потребите на реализирање проектни активности на КЕМ | Листа на обезбени податоци, согласно упатените барања | Официјална коресподенција со контактирани институции за достава на податоци | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 5.000,00 МКД | -Недостаток на реални ажурирани податоци (среден ризик) -Обезбедување на потребните податоци ан време (висок ризик) | -Искориствање на верификувани податоци од други извори -Навремено испраќање на образложена иницијатива за потребата од бараните податоци |
| 3.1.2 | Воведување на механизми за родово разделени податоци во програмите и извештаите на општината | Утврдување на механизми, едукативни работилници, обуки, листа на потребни информации и податоци | Обезбедени податоци за пополнување на образец ЕЛС | Листа на обезбеди податоци и механизми согласно упатените барања | Контакт со вработени | | Во текот на 2020-2021 г | 30.000,00 МКД | -Недостаток на реални ажурирани податоци (среден ризик) -Обезбедување на потребните податоци на време (висок ризик) | -Проверка на постоечки и редовно ажурирање на нови податоци -Континуирана соработка со со одговорните лица за собирање податоци |

| Специфична цел 3.2 *Подобрено ниво на образование и на квалификации на сите заинтересирани граѓани, посебно на невработените жени, млади и маргинализираните групи* | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.1 | Утврдување на потреби преку прашалници за целните групи | Подготовка на соодветни прашалници и анкети Реализирање на истражувањето | Утврдени потреби за едукација за целните групи | Листа со податоци за потреба од едукација и обуки за целните групи<br><br>Број на пријавени кандидати за едукација и обуки | Известување од активноста на КЕМ | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 30.000,00 МКД | Нема ризик | |
| 3.2.2 | Заштита и спречување на дискриминација за жителите од руралните средини | Организирање на обуки, предавања активности на терен | Утврдени потреби за едукација | Број на пријавени кандидати за едукација | Извештај | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината | 2020-2021 г | 10.000,00 МКД | Нема ризик | |
| 3.2.3 | Идентификување на можностите за едукација и обука, доквалификацаја и прекфалификација) | Подготовка на листа на можности за едукација и обука, со институции кои можат да ги обезбедат истите | Идентификувани можности за едукација и обука | Склучени меморандуми за соработка | Извештај од истражувањето за потребите | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 20.000,00 МКД | -Немање доволно интерес за соработка од страна на идентификуваните партнерски организации (мал ризик) | - Промоција на очекуваните резултата од оваа активност во јавноста |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.2.4 | Барање за поддршка до образовни инстуции за стипендирање на доедукација и преквалификација, како и до приватни фирми за овозможување практична обука | Подготовка листа со контакти и подготвени барања до сите идентификувани образовни и други институции, како и до приватните бизниси, соо содветни образложенија за потребата од нивна поддршка | Подготвена листа на образовни и други институции и бизниси, со потребни контакт информации Подготвени писма со образложенија за сите специфични барања за подршка Направени контакти со сите идентификувани на листата | Листа со контакти и писмени обраќања до сите идентификувани организации од листата Склучени меморандуми за соработка | Копии од писмените обраќања и од склучените меморандуми | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината АВРСМ,Центар за вработување Пробиштип | Во текот на 2020-2021 г | 5.000,00 МКД | Недовална заинтересираност од идентификуваните институции и други организации (среден ризик) | -Промовирање на активноста во јавноста, обезбедена писмена поддршка од Општината и склучување на меморандуми за соработка |
| **Специфична цел 3.3** ***Подготовени и реализирани проекти за олеснување на процесот за вработување на сите граѓани, со акцент на младите, жените и маргинализираните групи*** | | | | | | | | | | |
| 3.3.1 | Анализа и Промоција на активни мерки и програми за поддршка на иницијативи за вработување и самовработување од страна на лице од АВРСМ, Центар за вработување Пробиштип | Истражување на сите достапни податоци и програми за поддршка на проектните иницијативи и концепти, кои се нудат од различни организации | Листа на сите организации кои нудат програми за поддршка на проектните иницијативи и концепти | Кореспонденција со идентификуваните организации | Извештај од активноста за прифатените предлози од КЕМ и од Општината | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината АВРСМ, Центар за вработување Пробиштип | Во текот на 2020-2021 г | 20.000,00 | Нема ризик | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3.3.2 | Подготовка на проекти од извршена анализа за потребите | Изработка на проектни предлози Учество во изработка на проекти со нво | Изработени проектни предлози | Поднесени проектни предлози за партнерско финансирање до соодветни организации и обезбедени средства за финансирање | Извештај од активноста за прифатените предлози од КЕМ и од Општината | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 20.000,00 МКД | - финасиск поддршка (среден ризик)<br>- видот и обемот на изразените барања во анализата (среден ризика)<br>-обезбедување на соодветна стручна помош во изработка на проектните предлози(висок ризик) | - навремено обезбедување средства во Буџетот<br>- подобри насоки во текот на спроведенат анализа со засегнатите страни (партнерски органзации кои нудат поддршка) |
| 3.3.3 | Овозможување пристап на сите заинтересирани до пазарот на труд/понудите за вработување | Подговка на листа на организации и агенции кои нудат информации за потребите на локалниот пазар на труд | Објавена листа со информации и линкови до сите кои посредуваат за вработување на локалниот пазар на труд | Број на утврдени посредници на пазарот на труд и број на објавени информации и линкови на општинската веб страна | Општинска веб страна | КЕМ, НВО секторот, со поддршка на Општината, АВРСМ,Центар за вработување Пробиштип | Во текот на 2020-2021 г | 5.000,00 МКД | - Немање доволно интерес за соработка од страна на идентфикуваните партнерски организации (мал ризик) | - Промоција на очекуваните резултата од оваа активност во јавноста |

| Стретешка цел 4 *Промовирана/Препознатливост на реализација на активности на Комисијата за еднакви можности, на регионално и национално ниво и реалзиавциаја на активнсоти за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип* | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Активност | Детални чекори, проекти, мерки | Очекуван резултат- долгорочен и краткорочен | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет | Вид на ризик и проценка на нивото на ризикот (високо, средно или ниско) | Активност за намалување на ризикот |
| 4.1.1 | Претставување на сите достапни медиуми (Општинска веб-страна-линк, профили на социјални мрежи, изработка на флаер... | Подготовка на листа на медиуми и подготвка на флаер информација за активностите на КЕМ | Презентација на КЕМ пред сите достапни медиуми | Снимки и коресподенција со медиумите и граѓаните | Извештај на КЕМ за реализација на активноста | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | / | Недоволен интерес од јавноста и медиумите (низок ризик) | Поддршка од општинските органи во претставувањето на КЕМ пред медиумите Претходна комуникација и најава до медиумите со добро подготвени информации за работата на КЕМ |
| **Специфична цел 4.2** ***Обучени членови на Комисијата за еднакви можности, Општинска администрација, наставен кадар во образование, социјална заштита, здравство, култура , спорт, детска заштита и НВО во сите области*** | | | | | | | | | | |
| 4.2.1 | Обуки за членовите на КЕМ, заитересирани уцесници од Општинската администрација и од НВО секторот од сите области за Родовите Концепти и креирање на родово одговорни политики и буџети на општината | Подготовка на програма за обуката со дефинирани цели Избор на испорачувач на обуката Обезбедување поддршка за реализација на обуката | Одржана обука согласно утврдените цели и програма, обучени членови на КЕМ и други номинирани учесници | Листа за присуство на обуката | Извештај од оддржаната обука | КЕМ, и со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 30.000,00 МКД | -Недостаток на интерес за учество на обуката (низок ризик) -Недостаток на финансиска поддршка | -Навремено и целосно информирање за целите и очекуваните резултати од обуката - навремено обезбедување на средства во Буџетот ан Општината и поднесување барања со утврдените цели до партнерски организации |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.2.2 | Обуки во образованието за вметнување на родовата компоненнта во годишните програми на училиштата | Подготовка на програма за обуката во средното училиште и основните училишта | Одржана обука согласно утврдените цели и програма, обучени наставен кадар | Листа за присуство на обуката | Извештај од оддржаната обука | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 30.000,00 МКД | -Недостаток на интерес за учество на обуката (низок ризик)<br>-Недостаток на финансиска поддршка | -Навремено и целосно информирање за целите и очекуваните резултати од обуката<br><br>-навремено обезбедување на средства во Буџетот на Општината и поднесување барања со утврдените цели до партнерски организации |
| **Специфична цел 4.3** ***Промоција на реализиарни активности за родова еднаквост на општина Прибиштип Комисијата за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип преку социјалната мрежа на општината*** | | | | | | | | | | |
| 4.3.1 | Претставување пред медиуми на надлжностите рабората и активностите на КЕМ | Подготовка за медиумско презентирање на работата на КЕМ од страна на обучени членови на КЕМ и други учесници, согласно спецификата на претставувањето<br><br>Подготовка на соодветни пишани информации, фотографии и видео презентации за медиумско претставување на КЕМ | Препознатливост на КЕМ во јавноста | Број на доставени писмени и видео презентации на работата на КЕМ во комуникација со медиумите (прс-клипинг) | Објавени известувања од медиумите и линкови за објавените презентации | КЕМ, во соработка со КЕМ и со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | / | Нема ризик | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.3.2 | Изработка и десиминација на промотивни матерјали (флаери) за работата на КЕМ и значењето на на еднаквите можности | Подготовка на информации за изработка на промотивни матерјали за работата на КЕМ | Препознатливост на КЕМ | Број на изработени флаери (писмени презентации) и број на десеминирани (распределени) флаери до засегнатите страни (со повратна информација за достават) | Извештај | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината Во текот на 2020-2021 г | Во текот на 2020-2021 г | 20.000,00 МКД | Нема ризик | |

| **Стретешка цел 5** ***Коалиција на мрежи, вмрежување за еднакви можности помеѓу жените и мажите во општина Пробиштип и на Комиисите за еднакви можности со соодветни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор) на локално, регионално и државно ниво*** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Активност | Детални чекори, проекти, мерки | Очекуван резултат-долгорочен и краткорочен | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет | Вид на ризик и проценка на нивото на ризикот (високо, средно или ниско) | Активност за намалување на ризикот |
| **Специфична цел 5.1** ***Утврдени цели за еднакви мопжности меѓу жените и мажите на општиан Пробиштип и на Комисијата за еднакви можности за вмрежување со сродни партнери (комисии, невладини организации и бизнис сектор), на регионално и државно ниво*** | | | | | | | | | | |
| 5.1.1 | Покренување на иницијатива и утврдување на цели за соработка на КЕМ со други сродни комисии и НВО и други засегнати страни | Собирање на информации и податоци од засегнатите страни за утврдување на целите за иницирање на соработка | Утврдени цели за соработка | Број на покренати иницијативи по утврдените цели за соработка | Кореспонденција на КЕМ зо партнерски организации | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 20.000,00 МКД | Нема ризик | |
| 5.1.2 | Промовирање на целите и иницијативите за соработка на КЕМ со други сродни комисии организации и засегнати страни | Информирање на јавноста за целите и иницијативите за соработка на КЕМ со други сродни комисии и организации, | Информирана јавност за поднесени иницијативи за соработка и вмрежување на КЕМ | Број на јавни информации за целите и иницијативите за соработка поднесени од КЕМ | Објавени информации за целите и иницијативите за соработка поднесени од КЕМ | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | Во текот на 2020-2021 г | 20.000,00 МКД | Недоволен интерес на медиумите за објавување на информациите добиени од КЕМ (низок ризик) | Склучување на договори/ меморандуми за соработка со одредени медиуми |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 5.2** ***Мапирани можни партнери на општина Пробиштип и Комисијата за еднакви можности за вмрежување на локално регионално ниво и државно ниво*** | | | | | | | | | | |
| 5.2.1 | Идентифи-кување на партнери и свикување на заеднички состанок за потпишување на меморандум за соработка | Истражување за тоа кои се можните партнерски комисии и организации за соработка | Идентифи-кувани партнери за соработка со КЕМ | Листа на парнери за соработка со КЕМ | Извештај | КЕМ, во соработка соНВО секторот, со поддршка на Општината | 2020-2021 г | 5.000,00 МКД | Нема ризик | |
| **Специфична цел 5.3** ***Подготовка на иницијатива за вмрежување и воспоставување на соработка со избраните партнери на општина Пробиштип со други општини Комисијата за еднакви можности*** | | | | | | | | | | |
| 5.3.1 | Изработка на иницијатива за мрежи на сродни организации на нлоаклно и регионално и државно ниво | Собирање на потребни податоци за подготовка на иницијативата за соработка Подготовка на концепт на иницијативата Утврдување на финалната верзија на иницијативата на состанок на КЕМ Доставување на иницијативата до избраните партнерски организации | Соработка/ Вмрежување на КЕМ со избрани партнерски организации Број на потпишани меорандуми за соработка | Број на потпишани меорандуми за соработка | Известување од одржаните средби | КЕМ, во соработка со НВО секторот, со поддршка на Општината | 2020-2021 г | 5.000,00 МКД | Нема ризик | |

ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА
INICIATIVA QYTETARE E FEMRAVE

Женска граѓанска иницијатива АНТИКО, Скопје
Поштенски фах 1090/1010
Тел: + 389 (0)2 2614 641; + 389 (0)2 2611 130
e-mail: antico@t-home.mk;  contact@antiko.org.mk
www.antiko.org.mk

CIVICA MOBILITAS

NIRAS

SIPU

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА
INICIATIVA QYTETARE E FEMRAVE